D-24.XI.75
2693 Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 12 ноември 1975
Скопје
Број 40 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**426.**

Врз основа на член 376, став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИЛМОТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за филмот,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 21 октомври 1975 година и на седницата на Собранието на Републичката заедница на културата, одржана на 30 октомври 1975 година.

Број 06-2869
30 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИЛМОТ

Член 1

Во Законот за филмот („Службен весник на СРМ" бр. 18/73), член 5 се менува и гласи:

„Како работи од посебен општествен интерес во областа на филмот се сметаат:

— донесување на статут, односно склучување на самоуправна спогодба за здружување;

— донесување на програма за производство на филмови;

— одлучување за ставање во промет на произведени филмови;

— донесување на програма за промет на филмови;

— донесување на програма за прикажување на филмови;

— донесување на програма за чување на филмови и филмски материјал;

— утврдување на основните услови за стекнување на доход и за работење на организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство на филмови и со чување на филмови и филмски материјал;

— донесување на финансиски план и одобрување на завршната сметка на организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство на филмови и со чување на филмови и филмски материјал;

— претресување на општи прашања од работата и резултатите на организациите на здружениот труд во областа на филмот;

— именување и разрешување на индивидуален работоводен орган, односно давање на мислење за именување и разрешување на индивидуален работоводен орган на организација на здружениот труд во областа на филмот основана од Републиката".

Член 2

Член 6 се менува и гласи:

„Заради остварување на општествениот интерес во областа на филмот, во управувањето со организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство, промет, прикажување и чување на филмови и филмски материјал, во одлучувањето за работите од посебен општествен интерес, учествуваат и претставници на заинтересираните организации на здружениот труд и на други самоуправни организации и заедници, на општината односно Републиката и на општествено-политичките организации (претставници на општествената заедница)."

Член 3

Во член 7, ставот 1 се менува и гласи:

„Со статутот на организацијата на здружениот труд во областа на филмот се определуваат заинтересираните организации на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници и општествено-политичките организации, како и бројот на нивните претставници што ќе учествуваат во управувањето односно во одлучувањето по работите од посебен општествен интерес."

По став 1 се додаваат два нови става кои гласат:

„Собранието на општината го определува бројот на претставниците што ќе учествуваат во управувањето односно во одлучувањето по работите од посебен општествен интерес во организацијата на здружениот труд во областа на филмот.

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија именува тројца претставници што ќе учествуваат во управувањето односно во одлучувањето по работите од посебен општествен интерес во организацијата на здружениот труд во областа на филмот, што е основана од Републиката."

Досегашниот став 2 се брише, а став 3 станува став 4.

Член 4

Член 8 се менува и гласи:

„Собранието на општината дава согласност на одредбите на статутот односно на самоуправната спогодба за здружување на организацијата на здружениот труд во областа на филмот кои се однесуваат на работите од посебен општествен интерес и за учеството на претставниците на општествената заедница во одлучувањето по тие работи.

Согласност од став 1 на овој член за организација на здружен труд во областа на филмот, основана од Републиката, дава Собранието на Социјалистичка Република Македонија".

Член 5

По член 8 се додаваат два нови члена: член 8-а и 8-б кои гласат:

„Член 8-а

Индивидуален работоводен орган на организација на здружен труд во областа на филмот се именува од редот на културните и другите општествени работници.

Индивидуалниот работоводен орган на организација на здружен труд што се занимава со производство на филмови и со чување на филмови и филмски материјал основана од Републиката го именува и разрешува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по претходно прибавено мислење од организацијата на здружениот труд.

Член 8-б

Надзор над законитоста на работата на организацијата на здружениот труд во областа на филмот основана од Републиката врши Републичкиот секретаријат за култура.“

Член 6

По член 9 се внесува нов член 9-а кој гласи:

„Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија односно органот што тој ќе го одреди, синдикатот на работниците од општествените дејности на Македонија, Републичката заедница на културата, организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство, промет и прикажување на филмови односно нивните асоцијации, Кинотеката на Социјалистичка Република Македонија, Радио-телевизија — Скопје и Здружението на филмските работници на СР Македонија склучуваат општествен договор за прашања од интерес за развојот и унапредувањето на филмската дејност, увозот на странски филмови, условите и начинот на прикажување на домашни и странски филмови, како и други прашања од заеднички и општ интерес.“

Член 7

Член 13 се менува и гласи:

„Во спорни случаи Републичкиот секретаријат за култура, по барање од домашниот производител на филмот, утврдува дали тој филм се смета за домашен во смисла на овој закон.“

Член 8

Член 14 се брише.

Член 9

Во член 15, став 1 по зборот: „филмови“ се додаваат зборовите: „можат да“, а по зборовите: „здружениот труд“ зборовите: „кои се“ се бришат.

Член 10

Во член 16, став 2 зборовите: „Општинскиот орган на управата, надлежен за работите на културата“ се заменуваат со зборовите: „Републичкиот секретаријат за култура“.

Член 11

Во член 17, по зборовите: „филмска глума“, се додаваат зборовите: „монтажа на слика“, а зборовите: „графичко-аниматорски работи (цртан и кукла-филм)“ се заменуваат со зборовите: „работа на цртан и кукла-филм“.

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Својството филмски работник во смисла на претходниот став го утврдува Здружението на филмските работници на СР Македонија.“

Член 12

Член 24 се брише.

Член 13

Насловот на Глава IV се менува и гласи:

„IV. ВНЕСУВАЊЕ И ПРОМЕТ НА ФИЛМОВИ“.

Член 14

Член 25 се дополнува и гласи:

„Со внесување односно со увоз и промет на филмови можат да се занимаваат организации на здружен труд регистрирани за вршење на таа дејност.“

Член 15

Член 26 се менува и гласи:

„Домашен филм може да се изнесе односно извезе само ако за него е донесена одлука за ставање во промет.“

Член 16

Во член 31 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„ — донесување деловник за својата работа.“

Член 17

По член 31 се додаваат два нови члена: 31-а и 31-б, кои гласат:

„Член 31-а

Комисијата има претседател и најмалку 14 членови.

Претседателот и членовите на комисијата се именуваат од редот на културните и други општествени работници.

Претседателот и членовите на комисијата се именуваат на четири години.

Член 31-б

За јавно прикажување на филмови комисијата од член 31 на овој закон донесува одлука.

Против одлуката на комисијата со која не се одобрува јавно прикажување на одреден филм може да се поднесе жалба.

Жалбата од претходниот став се поднесува до републичкиот секретар за култура, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.“

Член 18

Член 32 се менува и гласи:

„Не можат да бидат јавно прикажувани филмови чија содржина е насочена кон:

— уривање на основите на социјалистичкото самоуправно општествено уредување на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

— загрозување на независноста на земјата;

— кршење на слободите и правата на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот;

— загрозување на мирот и рамноправната меѓународна соработка;

— пропагирање или поддржување агресија или друг акт против човечноста;

— разгорување на национална, расна и верска омраза или нетрпеливост;

— навредување честа и угледот на народите и народностите на Југославија, на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, претседателот на Републиката, Претседателството на СФРЈ, претседателствата и собранијата на социјалистичките републики и на социјалистичките автономни покраини;

— поттикнување вршење на кривични дела;

— навредување на јавниот морал и штетно влијание врз воспитувањето на децата и младината.“

Член 19

Во член 33 по зборовите: „во другите“ се додава зборот: „социјалистички“, а пред зборот: „покраини“ се додаваат зборовите: „социјалистички автономни“.

Член 20

Член 34 се менува и гласи:

„На територијата на Социјалистичка Република Македонија јавно се прикажуваат само филмови титлувани односно синхронизирани на македонски јазик.

Во местата во кои живеат народности можат јавно да се прикажуваат и филмови титлувани односно синхронизирани и на јазиците на народностите што живеат во Социјалистичка Република Македонија.“

Член 21

Во член 36 зборот: „кинотека“ се заменува со зборовите: „Кинотеката на Социјалистичка Република Македонија“.

Член 22

По глава VI се внесува нова глава VI-а која гласи:

„СНИМАЊЕ НА ФИЛМОВИ ОД СТРАНСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

Член 37-а

Странски производител може да снима филмови и екстериери на територијата на Социјалистичка Република Македонија само врз основа на посебно одобрение.

Одобрението од претходниот став го издава Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, врз основа на писмено барање од странскиот производител на филмот.

Решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрение за снимање на филм односно екстериери не мора да биде образложено.

Член 37-б

Барањето за издавање на одобрение за снимање на филм односно екстериер мора да содржи податоци за местото и времето на снимањето на филмот односно екстериерот.

Кон барањето од претходниот став мора да се приложи сценариото за филмот, во кое се означени деловите на текстот според кои ќе се снима филмот односно екстериерот.

Член 37-в

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи може да го одземе одобрението од член 37-а и да го забрани натамошното снимање на филмот односно екстериерот, ако странскиот производител не се придржува за издаденото одобрение.

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи може да го одземе или уништи филмскиот материјал снимен без одобрение или спротивно на издаденото одобрение.“

Член 23

По глава VI-а се внесува нова глава VI-б, која гласи:

„ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 37-г

Организацијата на здружениот труд или друга организација односно орган што внеле во Социјалистичка Република Македонија странски филм и производителот на странски филм произведен во Социјалистичка Република Македонија се должни, веднаш по внесувањето на филмот односно по завршувањето на филмот, да го известат за тоа Републичкиот секретаријат за култура и да наведат основни податоци за филмот и за неговата содржина.

Организацијата, органот, односно производителот на странски филм од став 1 на овој член се должни по барање од Републичкиот секретаријат за култура да му достават копија од филмот на увид.

Член 37-д

Републичкиот секретаријат за култура донесува решение за одземање на копии на странски филм без надоместок ако ги внела во Социјалистичка Република Македонија организација на здружен труд, друго правно лице, орган или поединец спротивно на одредбите на овој закон односно ако странскиот филм се внесе во Социјалистичка Република Македонија, ако се пушти во промет или ако јавно се прикаже — иако е тоа забрането со решение.

Член 37-ѓ

Републичкиот секретаријат за култура донесува решение за забрана на внесување односно за забрана на промет и јавно прикажување на филм со кој се врши некое од дејствијата од член 32 на овој закон.“

Член 24

Член 45 се брише.

Член 25

Член 46 се менува и гласи:

„Одредбата од член 34, став 1 на овој закон ќе се применува од 1 јануари 1977 година“.

Член 26

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да го утврди пречистениот текст на Законот за филмот.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.“

---

**427.**

Врз основа на член 41 и 55 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 29 октомври 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Фируз Демир, член на Претседателството на СРМ, се именува за претседател на Комисијата за помилување на Претседателството на СРМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-426
29 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

---

**428.**

Врз основа на член 41 и 55 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 29 октомври 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИОНО-КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Демир Фируз, член на Претседателството на СРМ, се именува за член на Комисијата за организационо-кадровски прашања на Претседателството на СРМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-427
29 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

**429.**

Врз основа на член 41 и 54 став 2 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 27 октомври 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА СЕКРЕТАР ВО СОВЕТОТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Методија Стефановски, поранешен член на Извршниот совет и републички секретар за народна одбрана се разрешува од функцијата секретар на Советот за народна одбрана на Претседателството на СРМ, поради заминување на нова должност.

II

За секретар на Советот за народна одбрана на Претседателството на СРМ се именува Миле Арнаудовски, член на Извршниот совет и републички секретар за народна одбрана.

III

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-425
29 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

**430.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 3 од Законот за помилување и член 85 од Кривичниот законик, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 29 октомври 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Изречената казна им се услови за 1 година на:
1. Бајрам Мухарем Борова, од Дебар;
2. Јани Осман Дилавер, од Дебар;
3. Димитар Јован Атанасов, од Радовиш;
4. Џемил Имер Исени, од с. Синичане;
5. Димитрија Петре Дунимаглоски, од Годивље;
6. Никола Благоја Моневски, од Струга.

II

Изречената казна строг затвор му се замени со казна затвор и услови за 1 година на:
1. Фемија Керим Ибраими, од с. Требиште.

III

Изречената казна му се прости на:
1. Миле Трајко Коцев, од с. Муртино.

IV

Неиздржаниот дел од казната му се прости на:
1. Славчо Михајло Тодоровски, од Скопје;
2. Младен Проко Димитрашиновиќ, од Скопје.

V

Неиздржаниот дел од казната му се прости на:
1. Никола Лазо Митревски, од Битола.

VI

Изречената казна му се намали за 6 месеци на:
1. Атанас Тодор Јанкуловски, од Битола;
2. Ѓорѓи Димитар Сингеров, од Скопје.

VII

Изречената казна му се намали за 3 месеци на:
1. Сами Сербер Сербезов, од Скопје.

VIII

Изречената казна затвор во траење од 5 месеци му се услови за 1 година на:
1. Петар Борис Петрушевски, од Скопје.

IX

Неиздржаниот дел од казната му се услови за 1 година на:
1. Владо Кузман Кузмановски, од Битола.

X

Изречената казна му се замени со казна затвор и услови за 2 години на:
1. Јован Гино Силјановски, од Скопје.

XI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 10-428
30 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

**431.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 3 од Законот за помилување и член 85 од Кривичниот законик, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 29 октомври 1975 година, донесе:

## ОДЛУКА

### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Неиздржаниот дел на казната му се прости на:
1. Јанко Коста Костовски, од Скопје.

II

Изречената казна им се услови за 1 година на:
1. Санде Паско Јоновски, од с. Ратино;
2. Љупчо Тодор Зајков, од Радовиш;
3. Мелека Екрем Акифоска, од Прилеп;
4. Мамут Демир Исинов, од с. Висока Маала.

III

Изречената казна строг затвор му се замени со казна затвор и услови за 1 година на:
1. Ќемал Сали Демири, од Скопје.

IV

Неиздржаниот дел од казната му се услови за 1 година на:

1. Васил Ристо Галевски, од Скопје;

2. Ѓорѓи Илија Димитров — Чифлиганец, од Радовиш.

V

Казната строг затвор му се замени со казна затвор и неиздржаниот дел од казната му се услови за 2 години на:

1. Трајан Најденко Стојановски, од Охрид.

VI

Изречената казна им се намали за 6 месеци на:

1. Ѓорѓи Александар Андоновски, од Скопје;

2. Љубен Алексо Илиев, од Гевгелија.

VII

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 10-429
30 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

---

**432.**

Врз основа на член 121 став 3 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ" бр. 45/72 и 31/74), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОРГАНИТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА КОИ ТЕЖИНАТА НА РАБОТИТЕ И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ БИТНО ВЛИЈААТ ВРЗ НАМАЛУВАЊЕТО НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места во органите за внатрешни работи на кои тежината на работите и посебните услови битно влијаат врз намалувањето на работната способност на работниците („Службен весник на СРМ" бр. 38/73) во член 1 став 2 точка 7 се менува и гласи:

„7. работните места на раководител и заменик на раководител на работната единица на Републичкиот секретаријат и работното место на раководител на работната единица на општинскиот орган за внатрешни работи на Собранието на град Скопје во која се вршат работи на издавање и одржување на моторни возила; и"

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-2074/1
15 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**433.**

Врз основа на член 3 став 5 од Законот за семе („Службен весник на СРМ" бр. 18/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ШУМАРСКИОТ ИНСТИТУТ — СКОПЈЕ ЗА ВРШЕЊЕ ОДБИРАЊЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА СЕМЕНСКИ НАСАДИ, ГРУПИ ИЛИ ЕДИНИЧНИ СТЕБЛА

Член 1

За одбирање и признавање на семенски насади, групи или единични стебла за добивање на нормално семе, се овластува Шумарскиот институт — Скопје.

Член 2

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 09-2275/1
3 октомври 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски,** с. р.

---

**434.**

Врз основа на член 11, став 2 од Законот за квалитетот и контрола на квалитетот на вештачките ѓубриња („Службен весник на СРМ" бр. 10/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство, во согласност со републичкиот секретар за индустрија и трговија, донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ЗА ВРШЕЊЕ АНАЛИЗИ И СУПЕР АНАЛИЗИ НА ВЕШТАЧКО ЃУБРЕ

За вршење анализи и суперанализи на вештачко ѓубре се определуваат:

— Земјоделско-шумарскиот факултет — ООЗТ Земјоделие — Скопје и

— Земјоделскиот институт — Скопје.

Определената организација на здружениот труд која ќе изврши анализа на вештачко ѓубре, не може да врши и супер анализа на тоа ѓубре.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 10-2249/1
30 септември 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски,** с. р.

---

**435.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на точките 2 и 3 од Одлуката за дополнување на Правилникот за распределба на личните доходи од 10 октомври 1970 година, донесена на собирот на работниците на основната организација на здружениот труд „Интеримпекс-Метропол" во Скопје одржан на 22 април 1974 година, на седницата од 2 октомври 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВААТ точките 2 и 3 од Одлуката за дополнување на Правилникот за распределба на личните доходи од 10 октомври 1970 година, донесена на собирот на работниците на основната организација на здружениот труд „Интеримпекс-Метропол" во Скопје одржан на 22 април 1974 година,

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во основната организација на здружениот труд „Интеримпекс-Метропол“ во Скопје, на начин определен во статутот за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија по повод на поднесена претставка со решение У. бр. 68/74 од 18 јуни 1975 година поведе постапка за оценување уставноста на точките 2 и 3 од одлуката означена во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со начелото за распределба според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија.

4. Во претходната постапка и на седницата од 2 октомври 1975 година Судот утврди дека во точката 2 од означената одлука е определено по основот минат труд личниот доход на работникот да се зголемува за секоја година по 10 динари, а да започне да се исплатува по наполнети 5 години работен стаж. Судот исто така утврди дека во точката 3 од одлуката е определено како мерило за утврдување на личниот доход на работникот по основот минат труд да се смета само работниот стаж, а не и признаениот вкупен стаж за пензија.

Според членот 22 од Уставот на СР Македонија и ставот 2 на член 42 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73) на секој работник, во согласност со начелото на распределба според трудот и со порастот на продуктивноста на неговиот и на вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд, му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд личен доход за задоволување на неговите лични заеднички и општи општествени потреби, според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал за зголемувањето на доходот на основната организација. Од овие одредби на Уставот и законот произлегува дека личниот доход на работникот како по основот тековен труд така и по основот минат труд, треба да се утврдува во зависност од резултатите на неговиот труд и неговиот личен придонес за зголемувањето на доходот на основната организација, а според мислењето на Судот резултатите од трудот на работникот и неговиот личен придонес за зголемувањето на доходот на основната организација не се еднакви кај сите работници. Освен тоа, ако работниците во основната организација на здружениот труд како основ за пресметување на нивниот личен доход по основот минат труд го утврдиле работниот стаж, Судот смета дека при утврдувањето на личниот доход по овој основ треба да се земе предвид сето време од кога работникот започнал фактично да придонесува за зголемувањето на доходот на основната организација. Со оглед на тоа што со точката 2 од одлуката делот од личниот доход на работникот по основот минат труд е утврден во еднаков фиксен износ во динари за сите работници во оваа основна организација, како и со оглед на тоа што за утврдување на личниот доход по основот минат труд не е земен предвид работниот стаж до 5 години, Судот оцени дека оваа точка од одлуката не е во согласност со начелото за распределба според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија и ставот 2 на член 42 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

Судот исто така смета дека и точката 3 од одлуката не е во согласност со уставното начело за распределба според трудот затоа што, во случаите кога како основ за утврдување на личниот доход на работникот по основот минат труд е утврден работниот стаж, треба да се вреднува и стажот што на одделни работници им е признаен како посебен стаж затоа што тие работници со своите активности што им се признаени како посебен стаж дале личен придонес за создавањето на општи услови за распределба на доходот според трудот.

На основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

Оваа одлука, согласно членот 433 од Уставот на СР Македонија, Судот ја донесе на седница, без претходно одржување на јавна расправа, затоа што оцени дека за натамошното разјаснување на состојбата на работите по овој предмет не е неопходно присуство на учесниците во постапката.

У. бр. 68/74
2 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче**, с. р.

---

## 436.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на ставот 2 на член 12 и на членот 22 од Правилникот за распределба на личните доходи на работниците од 30 септември 1974 година донесен од советот на работната заедница на Одделението за внатрешни работи на Собранието на општина Делчево, на седницата одржана на 2 октомври 1975 година донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ ставот 2 на член 12 и членот 22 од Правилникот за распределба на личните доходи на работниците донесен од советот на работната заедница на Одделението за внатрешни работи на Собранието на општина Делчево на седницата одржана на 30 септември 1974 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Одделението за внатрешни работи на Собранието на општина Делчево на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 76/74 од 3 јули 1975 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на ставот 2 на член 12 и членот 22 од правилникот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со членот 22 од Уставот на СР Македонија, како и за согласноста на членот 22 од правилникот со ставот 1 на член 53 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 16/74).

4. Во претходната постапка и на седницата од 2 октомври 1975 година Судот утврди дека во оспорениот став 2 на член 12 од правилникот е определено доколку работникот има пониска стручна подготовка од стручната подготовка предвидена за работното место на кое е распореден, при распределбата на средствата за лични доходи по основот стручна подготовка да му се определуваат бодови според степенот на стручната подготовка што е предвиден за тоа работно место во актот за организација и систематизација на работните места. Судот смета дека при утврдувањето на работниот придонес на работникот по основот стручна подготовка треба да биде земено предвид влијанието што врз работниот придонес на работникот го има степенот на стручната подготовка што работникот фактично го има, а не степенот на стручната подготовка што за работното место е предвиден со актот за систематизација на работните места. Со оглед на тоа што со оспорената одредба не е земено предвид влијанието што врз работниот придонес на работникот го има степенот на стручната подготовка што работникот фактично го има, Су-

дот утврди дека оваа одредба од правилникот не е во согласност со начелото за распределба според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија и во ставот 2 на член 42 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73).

Судот исто така утврди дека во членот 22 од правилникот е определено за ненавремено доаѓање на работа независно од времето на задоцнувањето како и за напуштање на работното место без одобрение, независно од должината на времето на отсуствувањето, износот на стартните бодови утврдени за соодветното работно место да се намалува за 5%.

Ненавременото доаѓање на работа и напуштањето на работното место без одобрување претставуваат повреди на работните обврски за кои, согласно ставот 1 на член 53 од републичкиот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд на работникот можат да му бидат изречени само мерките: опомена, јавна опомена, сменување од работното место, условно исклучување од основната организација до 1 година и исклучување од основната организација. Од друга страна отсуството на работникот од работното место, според мислењето на Судот, може да има влијание и врз работниот придонес на работникот, но за неговото влијание врз висината на личниот доход на работникот треба да бидат утврдени објективни мерила. Со оглед на тоа што со оспорениот член 22 од правилникот при распределбата на средствата за лични доходи не е земено предвид влијанието што времето на отсуствувањето на работникот од работното место го има врз резултатите од неговата работа и што утврденото намалување од 5% од месечниот личен доход независно од времето на неговото отсуствување и влијанието што тоа го има врз неговиот работен придонес всушност претставува мерка што за повреда на работните обврски на работникот не е предвидена со закон, Судот утврди дека овој член од правилникот не е во согласност со членот 22 од Уставот на СР Македонија, ставот 2 на член 42 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, како и со ставот 1 на член 53 од републичкиот закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

Оваа одлука, согласно членот 433 од Уставот на СР Македонија, Судот ја донесе на седница, без претходно одржување на јавна расправа, затоа што оцени дека за натамошното разјаснување на состојбата на работите по овој предмет не е неопходно присуство на учесниците во постапката.

У. бр. 76/74
2 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче**, с. р.

## ОБЈАВА
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство — Скопје, во смисла на член 24 став 4 од Законот за семе („Службен весник на СРМ“ бр. 18/73), објавува дека во Регистарот на производители на семе се запишани следните организации на здружениот труд:

— Агрокомбинатот „Лозар“ — Титов Велес за производство на семе од пченица, други стрни жита и памук. Рег. број 1, решение број 10-УП/I°-58 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Црвена звезда“ — Штип за производство на семе од пченица, други стрни жита, ориз, памук и сончоглед. Рег. број 2, решение број 10-УП/I°-99 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ — Битола за производство на семе од пченица и индустриски култури (без памук). Рег. број 3, решение број 10-УП/I°-100 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Куманово“ — Куманово за производство на семе од пченица, други стрни жита, фуражни и индустриски култури. Рег. број 4, решение број 10-УП/I°-101 од 31. VII. 1974 година;

— Заводот за овоштарство на СРМ — Скопје за производство на овошно семе. Рег. број 5, решение број 10-УП/I°-105 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Прилеп“ — Прилеп за производство на семе од пченица, други стрни жита, фуражни и индустриски култури (без памук). Рег. број 6, решение 10-УП/I°-107 од 31. VII. 1974 година;

— Здружениот земјоделски институт — Скопје — ООЗТ Институт за памук — —Струмица за производство на семе од индустриски и градинарски култури. Рег. број 7, решение број 10-УП/I°-111 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Овче поле“ — Св. Николе за производство на семе од пченица, други стрни жита, фуражни и индустриски култури. Рег. бр. 8, решение 10-УП/I°-112 од 31. VII. 1974 година;

— Институтот за тутун — Прилеп за производство на семе од тутун. Рег. број 9, решение број 10-УП/I°-113 од 31. VII. 1974 година;

— Здружениот земјоделски институт — Скопје — ООЗТ Институт за ориз — Кочани за производство на семе од ориз. Рег. број 10, решение број 10-УП/I°-120 од 31, VII. 1974 година;

— Земјоделското производно стопанство „Клечовце“ с. Клечовце — Куманово за производство на семе од пченица. Рег. број 11, решение број 10-УП/I°-125 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделската задруга „Ран производ“ — Куманово за производство на семе од пченица, други стрни жита и фуражни култури. Рег. број 12, решение број 10-УП/I°-137 од 31. VII. 1974 година;

— „Алкалоид“ Опитна станица — Кавадарци за производство на семе од афион. Рег. број 13, решение 10-УП/I°-141 од 31. VII. 1974 година;

— Агрокомбинатот „Тиквеш“ — Кавадарци за производство на семе од пченица, други стрни жита, памук и луцерка. Рег. број 14, решение број 10-УП/I°-146 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделскиот институт — Скопје за производство на семе од пченица, други стрни жита, индустриски, фуражни и градинарски култури. Рег. број 15, решение број 10-УП/I°-170 од 8. X. 1974 година;

— Центарот за унапредување на земјоделството — Битола за производство на семе од пченица и фуражни култури. Рег. број 16, решение број 10-УП/I°-183 од 8. X. 1974 година;

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Скопско Поле“ ООЗТ „Сингелиќ“ с. Сингелиќ — Скопје за производство на семе од пченица, други стрни жита и фуражни култури. Рег. број 17, решение број 10-УП/I°-205 од 20. XI. 1974 година.

## ОБЈАВА
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство — Скопје, во смисла на член 24 став 4 од Законот за семе („Службен весник на СРМ“ бр. 18/73), објавува дека во Регистарот на дорабо-

тувачи на семе се запишани следните организации на здружениот труд:

— Агрокомбинатот „Лозар“ — Титов Велес за доработка на семе од житни култури. Рег. број 1, решение број 10-УП/I°-58 од 31. VI. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Црвена звезда“ — Штип за доработка на семе од житни култури. Рег. број 2, решение број 10-УП/I°-99 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ — Битола за доработка на семе од житни и индустриски култури (без памук). Рег. број 3, решение број 10-УП/I°-100 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Куманово“ — Куманово за доработка на семе од житни култури, фуражни (без луцерка) и индустриски (без памук). Рег. број 4, решение број 10-УП/I°-101 од 31. VII. 1974 година;

— Заводот за овоштарство на СРМ — Скопје за доработка на овошно семе. Рег. број 5, решение број 10-УП/I°-105 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Прилеп“ — Прилеп за доработка на семе од житни култури, фуражни (без доработка на семе од луцерка) и индустриски култури (без памук). Рег. број 6, решение број 10-УП/I°-107 од 31. VII. 1974 година;

— Здружениот земјоделски институт — Скопје ООЗТ Институт за памук — Струмица, за доработка на семе од житни, индустриски и градинарски култури. Рег. број 7, решение бр. 10-УП/I°-111 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Овче Поле“ — Св. Николе за доработка на семе од житни култури, фуражни (без луцерка) и индустриски култури (без семе од памук). Рег. број 8, решение бр. 10-УП/I°-112 од 31. VII. 1974 година;

— Институтот за памук — Прилеп за доработка на семе од тутун. Рег. број 9, решение број 10-УП/I°-113 од 31. VII. 1974 година;

— Здружениот земјоделски институт Скопје — ООЗТ Институт за ориз — Кочани за доработка на семе од ориз. Рег. број 10, решение број 10-УП/I°-120 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделското производно стопанство „Клечовце“ с. Клечовце — Куманово за доработка на семе од пченица. Рег. број 11, решение број 10-УП/I°-125 од 31. VII. 1974 година;

— ООЗТ „Пелагонијакомерц“ — Битола за доработка на семе од нивски култури (без луцерка и памук). Рег. број 12, решение број 10-УП/I°-124 од 31. VII. 1974 година;

— Деловното здружение „Југопамук“ — Струмица за доработка на семе од памук. Рег. број 13, решение број 10-УП/I°-129 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделската задруга „Ран производ“ — Куманово за доработка на семе од житни култури. Рег. број 14, решение број 10-УП/I°-137 од 31. VII. 1974 година;

— Прехранбениот комбинат „Жито Македонија“ — Скопје за доработка на семе од житни култури. Рег. бр. 15, решение број 10-УП/I°-140 од 31. VII. 1974 година;

— „Алкалоид“ — Опитна станица — Кавадарци за доработка на семе од афион. Рег. број 16, решение број 10-УП/I°-141 од 31. VII. 1974 година;

— Агрокомбинатот „Тиквеш“ — Кавадарци за доработка на семе од житни култури. Рег. број 17, решение број 10-УП/I°-146 од 31. VII. 1974 година;

— Самостојната организација „Агропромет“ — Струмица за доработка на семе од житни и градинарски култури. Рег. број 18, решение број 10-УП/I°-150 од 31. VII. 1974 година;

— Специјализираното претпријатие за хемизација во земјоделството „Агрохемизација“ ООЗТ „Хемипром“ — Скопје за доработка на семе од житни, фуражни, индустриски (без семе од памук) и градинарски култури. Рег. број 19, решение број 10-УП/I°-168/2 од 8. XI. 1974 година;

— Земјоделскиот институт — Скопје за доработка на семе од житни, индустриски (без памук), фуражни (без луцерка) и градинарски култури. Рег. број 15, решение број 10-УП/I°-170 од 8. X. 1974 година;

— Центарот за унапредување на земјоделството — Битола за доработка на семе од житни и фуражни култури (без семе од луцерка). Рег. број 21, решение број 10-УП/I°-183 од 8. XI. 1974 година; и

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Скопско Поле“ ООЗТ „Сингелиќ“ с. Сингелиќ — Скопје за доработка на семе од житни и фуражни култури (без семе од луцерка). Рег. број 22, решение 10-УП/I°-205 од 22. XI. 1974 година.

---

## О Б Ј А В А
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство — Скопје, во смисла на член 18 став 3 од Законот за саден материјал („Службен весник на СРМ“ бр. 10/73), објавува дека во Регистарот на производители на саден материјал се запишани следните организации на здружениот труд:

— Земјоделската станица во Охрид, рег. број 1, решение број 10-УП/I°-56 од 31. VII. 1974 година;

— Агрокомбинатот „Малешевска слива“, рег. број 9, решение број 10-УП/I°-102 од 4. VI. 1974 година;

— Земјоделската станица „Слобода“ од с. Зелениково — Скопје, рег. број 3, решение број 10-УП/I°-103 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Прилеп“ — Прилеп, рег. број 4, решение број 10-УП/I°-104 од 31. VII. 1974 година;

— Заводот за овоштарство на СРМ — Скопје, рег. број 5, решение број 10-УП/I°-105 од 3. VI. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Куманово“ — Куманово, рег. бр. 6, решение број 10-УП/I°-114 од 3. VI. 1974 година;

— Агрокомбинатот „Лозар“ — Титов Велес, рег. број 7, решение број 10-УП/I°-115 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Овче Поле“ — Св. Николе, рег. бр. 8, решение број 10-УП/I°-116 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Црвена звезда“ — Штип, рег. број 9, решение број 10-УП/I°-117 од 3. VI. 1974 година;

— Земјоделскиот комбинат „Венец“ с. Д. Дисан — Неготино, рег. број 10, решение број 10-УП/I°-119 од 31. VII. 1974 година;

— Лозарско-винарскиот комбинат „Лозар“ — Битола, рег. број 11, решение број 10-УП/I°-126 од 3. VI. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Повардарје“ — Неготино, рег. број 12, решение број 10-УП/I°-128 од 3. VI. 1974 година;

— Земјоделскиот комбинат „Изворски“ — с. Богданци, рег. број 13, решение број 10-УП/I°-131 од 8. XI. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Струмица“ — Струмица, рег. број 14, решение број 10-УП/I°-133 од 3. VI. 1974 година;

— Заводот за унапредување на лозарството и винарството на СРМ — Скопје, рег. број 15, решение број 10-УП/I°-134 од 3. VI. 1974 година;

— Овошниот расадник „Цветан Димов“ с. Г. Лисиче — Скопје, рег. бр. 16, решение број 10-УП/I°-135 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Винојуг“ — Гевгелија, рег. број 17, решение 10-УП/I°-134 од 31. VII. 1974 година;

— Земјоделското стопанство „Градинар“ — Охрид, рег. број 18, решение број 10-УП/I°-144 од 8. XI. 1974 година;

— Агрокомбинатот „Тиквеш“ — Кавадарци, рег. број 19, решение број 10-УП/I°-145 од 31. VII. 1974 година;

— ЗИК „Скопско Поле“ погон „Петровец“ — с. Петровец, рег. број 20, решение бр. 10-УП/I°-181 од 8. XI. 1974 година;

— Земјоделскиот комбинат „Преспанско јаболко“ — Ресен, рег. број 21, решение број 10-УП/I°-1 од 17. I. 1975 година;

— Земјоделското овоштарско стопанство „Овоштар“ — с. Превалец — Кажани — Битола, рег. број 22, решение број 10-УП/I°-2 од 17. I. 1975 година;

— Училишниот центар за образование на стручни кадри во стопанството „Моша Пијаде“ — Тетово, рег. број 23, решение број 10-УП/I°-3 од 17. I. 1975 година;

— Земјоделско-шумарскиот факултет — ООЗТ Земјоделски оддел — Скопје, рег. број 24, решение број 10-УП/I°-12 од 28. I. 1975 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Тетово“ — ООЗТ „Вардар“ — с. Брвеница, рег. број 25, решение број 10-УП/I°-183 од 19. IX. 1975 година.

---

О Б Ј А В А

ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 26 од Законот за семе („Службен весник на СРМ“ бр. 18/73), објавува дека од Регистарот на производители на семе се бришат следните организации на здружениот труд:

— Републичкиот центар за унапредување на земјоделството — Скопје, рег. број 46, решение број 10-524/2 од 2. III. 1969 година;

— Факултетското земјоделско стопанство с. Трубарево — Скопје, рег. број 53, решение 10-УП/I°-25 од 7. VI. 1972 година.

О Б Ј А В А

ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 26 од Законот за семе („Службен весник на СРМ“ бр. 18/73), објавува дека од Регистарот на доработувачи на семе се бришат следните организации на здружениот труд:

— „Агрохемизација“ Скопје деловница Битола, рег. број 45, решение 10-УП/I°-24 од 13. III. 1972 година;

Трговското претпријатие „Градинар — Лоза“ Скопје, рег. број 47, решение број 10-УП/I°-32 од 13. V. 1973 година.

О Б Ј А В А

ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 20 став 2 од Законот за саден материјал („Службен весник на СРМ“, бр. 10/73), објавува дека од Регистарот на производители на саден материјал се бришат следните организации на здружениот труд:

— Училишниот центар за стручно образование на земјоделски кадри „Ј. Ј. Свештарот“ — Ресен, рег. број 5/I, решение број 10-623 од 28. III. 1969 година;

Земјоделската задруга „Ран производ“ — Куманово, рег. број 23/I, решение број 10-558 од 20. XI. 1972 година;

— Земјоделското училиште „Борис Кидрич“ — Битола, рег. број 11/I, решение број 10-УП/I° — 10. од 30. V. 1969 година;

— Деловното здружение „Југопамук“ — Струмица, рег. број 15/I, решение број 10-УП/I°-30 од 11. VI. 1969 година;

Деловното здружение „Агро — Македонија“ — Скопје, рег. број 22/I, решение број 10-УП/I°-80 од 1972 година;

---

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**330.**

Врз основа на член 203 став 1 точка 10 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 13 октомври 1975 година, донесе

## О Д Л У К А

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАНБЕНИТЕ ПОТРЕБИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА И ОПРЕДЕЛЕНИ ПРАВА ОД ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се регулира начинот на користењето на средствата за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување кои се формираат од следниве извори:

1. Од пренесените средства на Фондот за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување од 1974 година,

2. Од стасаните ануитети од кредитите доделени за индивидуална станбена изградба на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување, и

3. Од други приходи.

Член 2

Средствата од член 1 можат да се користат:

1. За изградба и адаптација на домови и станови за живеење на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување — во општествена сопственост,

2. За изградба и адаптација на центри за сместување на стари и изнемоштени лица, и

3. За доделување на кредити за изградба, купување, доградба и адаптација на станови во сопственост на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување.

Средствата наменети за потребите од точка 1 и 2 се користат, по правило, и како неповратни.

Член 3

При доделувањето на кредити за изградба, купување, доградба и адаптација на станови во сопственост на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување ќе се применуваат условите и критериумите на самоуправните интересни заедници за становање.

Член 4

Со средствата од член 1 став 1 точка 2 располага Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, а со средствата од член 1 став 1 точка 1 и 3 располагаат советите на осигурениците.

Во спроведувањето на политиката на користењето на средствата приоритет има општествената станбена изградба.

Член 5

За начинот и условите на употребата на средствата со кои располага советот на осигурениците истиот формира комисија и го именува претседателот на комисијата за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување.

Комисијата се состои од претседател и 6 (шест) члена.

Во состав на комисијата влегуваат претставници на здружението на пензионерите, здружението на трудовите инвалиди, одборот на Сојузот на борците од Народноослободителната војна, советот на осигурениците и интересната заедница за становање.

Член 6

Комисијата одлучува полноважно за доделување на средства само кога се присутни најмалку две третини од вкупниот број на членовите, а своите одлуки ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членовите на комисијата.

Член 7

Комисијата се грижи за рационално, правилно и целесообразно трошење на средствата за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување и донесува решенија за одобрување на кредити за изградба, купување, доградба и адаптација на станови во сопственост на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување и за изградба и адаптација на домови и станови за живеење на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување во општествена сопственост.

Против решението на комисијата за одобрување на кредити за изградба, купување, доградба и адаптација на станови во сопственост на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување може да се изјави жалба до советот на осигурениците од подрачјето на општината.

Решението за доделување и користење на неповратни средства од член 2 став 1 точка 1 подлежи на согласност од Извршниот одбор на Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија по претходно мислење на советот на осигурениците од подрачјето на општината.

Член 8

Советот на осигурениците од подрачјето на општината донесува правилник со кој поблиску се определуваат условите, постапката и начинот на користењето на средствата за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување.

Правилникот од претходниот став подлежи на согласност од Извршниот одбор на Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 9

При одобрувањето на кредити за изградба, купување, доградба и адаптација на станови во сопственост на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување првенство имаат борците од Народноослободителната војна.

Член 10

Комисијата е должна повремено, а најмалку еднаш годишно — најдоцна до 31 јануари, да поднесува извештај на советот на осигурениците за употребата и начинот на користењето на средствата во претходната година.

Член 11

Се овластува Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да издава стручни упатства и појаснувања за примена на оваа одлука, како и да врши надзор над работата на комисиите за начинот на употребата и користењето на средствата за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување.

Член 12

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за користење на средствата за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 40/74), освен точката 5 од наведената одлука.

Член 13

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1355/1
13 октомври 1975 година
Скопје

Претседател,
**Лилјана Манева** с. р.

---

**331.**

Врз основа на член 118 став 1 точка 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и член 138 став 1 точка 4 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73 и 28/74), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 13 октомври 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВОНРЕДНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ДРУГИ ПРИМАЊА СПОРЕД ПОРАСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТОТ ВО 1975 ГОДИНА

I

Заради усогласување со натпланското движење на трошоците на животот во првото полугодие од 1975 година, старосните, инвалидските и семејните пензии, без заштитниот додаток, материјалното обезбедување и привремениот надоместок, се зголемуваат за 3,6% и 35 динари во фиксен износ.

Зголемувањето од претходниот став ќе се изврши на сите пензии определени од пензиската основа во која не е засметан личниот доход остварен во 1975 година и на материјалното обезбедување и привремениот надоместок на инвалидите на трудот кои подлежат на усогласување по член 99 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

II

Зголемувањето од член 1 на оваа одлука им припаѓа и на корисниците на пензија на кои пензијата им се исплатува во висина на најнискиот износ на пензија.

III

Како основица за определување износот на зголемувањето служи износот на пензијата, без заштитниот додаток, материјалното обезбедување и привремениот надоместок што на корисникот му следувал за месец август 1975 година.

IV

Зголемувањето на пензиите според оваа одлука не влијае на правото и висината на заштитниот додаток на пензијата кој и натаму ќе се исплатува во определениот износ.

V

Зголемувањето по оваа одлука не влегува и нема да се засметува во основицата за усогласување на пензиите и другите примања со економските движења што ќе се изврши со важност од 1 јануари 1976 година.

VI

Усогласувањето според одредбите на оваа одлука ќе се изврши по службена должност без донесување на писмено решение, и тоа:

1) на пензиите од Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, и

2) на материјалното обезбедување и привремениот надоместок од стручните служби на овластените заедници на здравството и здравственото осигурување.

VII

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 септември 1975 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр.01-1352/1
13 октомври 1975 година
Скопје

Претседател,
**Лилјана Манева,** с. р.

---

## 332.

Врз основа на член 5 став 2 од Одлуката за измени и дополненија на Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/74), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на седницата одржана на 10 јули 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

I

Петар (Лазаров) Узунчев, од Скопје, се именува за помошник на секретарот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

II

Помошникот на секретарот од претходната точка раководи со Секторот за финансирање на Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-137/1
10 јули 1975 година
Скопје

Претседател,
**Лилјана Манева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КУМАНОВО

## 333.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 12, 25 и 26 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, на седница на Соборот на корисници на услуги — земјоделци, одржана на 2 октомври 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ-ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на учеството-партиципација на осигурениците-земјоделци во трошоците на здравствената заштита предвидена во законските прописи и нормативните акти на Заедницата.

Член 2

Осигурениците-земјоделци учествуваат во трошоците за користење на здравствена заштита само за надзадолжителните видови здравствена заштита.

Висината на учеството на осигурениците-земјоделци изнесува 50% од цената на услугата.

Член 3

Осигурениците-земјоделци со учество од 50% од цената на услугата имаат право да ги користат следните видови здравствена заштита:

1. Преглед и лекување кај лекар од општа практика и лекар-специјалист во сите видови на амбулантно-поликлинички здравствени работни организации, како и потребни лабораториски испитувања во врска со прегледот;

2. Стационарно лекување во сите стационарни здравствени организации, вклучувајќи ги и специјализираните стационари, освен стационарите со примена на природните фактори на лекување;

3. Прегледи, лекување, пломбирање и вадење на заби во сите забоздравствени организации, вклучувајќи ја и специјалистичката ортоденција, освен ортодентските помагала;

4. Превоз со колата за итна помош кога таа е неопходна за пренос на болниот од станот до најблиската здравствена работна организација која може да му пружи потребна лекарска помош; и

5. Лекови и санитетски материјал во амбулантно-поликлиничко лекување кога не се пресметани во цената на услугата.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 03-2556/1
2 октомври 1975 година
Куманово

Претседател,
**Стојан Величковски,** с. р.

**334.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 12, 25 и 26 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седница на Соборот на корисници на услуги — земјоделци, одржана на 4. 10. 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ-ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на учеството — партиципација на осигурениците-земјоделци во трошоците на здравствената заштита предвидена во законските прописи и нормативните акти на Заедницата.

Член 2

Осигурениците-земјоделци учествуваат во трошоците за користење на здравствена заштита само за надзадолжителните видови здравствена заштита.

Висината на учеството на осигурениците-земјоделци изнесува 50% од цената на услугата.

Член 3

Осигурениците-земјоделци со учество од 50% од цената на услугата имаат право да ги користат следните видови здравствена заштита:

1. Преглед и лекување кај лекар од општа практика и лекар-специјалист во сите видови на амбулантно-поликлинички здравствени работни организации, како и потребни лабораториски испитувања во врска со прегледот;

2. Стационарно лекување во сите стационарни здравствени организации, вклучувајќи ги и специјализираните стационари, освен стационарите со примена на природните фактори на лекување;

3. Прегледи, лекување, пломбирање и вадење на заби во сите забоздравствени ординации, вклучувајќи ја и специјалистичката ортоденција, освен ортодентските помагала;

4. Превоз со колата за итна помош кога таа е неопходна за пренос на болниот од станот до амбулантната здравствена работна организација, која може да му пружи потребна лекарска помош;

5. Лекови и санитетски материјал во амбулантно поликлиничко лекување кога не се пресметани во цената на услугата.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Број 01-2277/1
4 октомври 1975 година
Кратово

Зам. претседател,
**Добре Ивановски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Миљаим Осман Ибраим од Скопје, ул. „856“ бр. 102, против тужената Хатиџе Ибраим, род. Јашар од Скопје, сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Хатиџе Ибраим да се јави во судот или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе ѝ се одреди старател кој ќе ја застапува до окончувањето на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1713/75.

---

При Окружниот суд во Скопје се води постапка за развод на брак по правната работа на тужителот Јованова Невена од Скопје, населба Карпош III, зграда А-16, влез I, стан 7, против тужениот Јованов Добривоје од Скопје, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Јованов Добривоје, да се јави во судот, или да ја соопшти својата сегашна адреса во рок од 15 дена од објавувањето на огласот. По истекот на овој рок, во колку тужениот не се јави, ќе му биде определен привремен старател, кој ќе го застапува по предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2157/75. (147)

---

Окружниот суд во Скопје објавува дека при овој суд е заведен спор за развод на брак од тужителот Милошевски Орце, од Титов Велес, ул. „Орце Мартинов“ бр. 6, против тужената Милошевска Даринка, по татко Маневска, порано од село Капиново, сега со непозната адреса.

Се повикува тужената Милошевска Даринка во рок од 30 дена сметано од објавувањето на огласот, да се јави на овој суд или ја достави својата адреса. Во спротивно, судот ќе и постави старател кој ќе ја застапува до окончувањето на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1846/75. (148)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Јанкуловски Алексо и др. од Битола, ул. „Јоргов Камен“ бр. 4-а, поднесе до овој суд тужба за исполнување на договор за купопродажба против Никола Димитровски од Битола, сега со непознато место на живеење.

Бидејќи тужениот Никола е во неизвесност се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно, ќе му биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 58/75 (146)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Општинскиот суд во Тетово со ова го повикува лицето Синани Ајета Саит од село Групчин, општина Тетово, роден 1909 година, кој наводно исчезнал во месец ноември 1944 година во Скопје, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд. Во спротивно, по истекот на овој рок, Саит Синани ќе се прогласи за умрен. Истовремено се повикува секое лице кое нешто знае за исчезнатиот или неговиот живот, за тоа да јави на судот во рок од 15 дена од објавувањето на овој оглас.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 184/75 година. (154)

ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

Пред Општинскиот суд во Куманово покрената е постапка од страна на предлагачот Зинка Стоилковска од Ѓорче Петров, ул. „Јован Саздов“ бр. 17, за утврдување на смрт на лицето Тасевски Трајан од село Клечовце, во врска со што се повикува истиот, доколку е жив, во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јави на судот, како и секој оној што знае за неговиот живот да му јави на судот. Во спротивно, по истекот на определениот рок и изведувањето на останатите докази, споменатото лице ќе биде прогласено за умрено.

Од Општинскиот суд во Куманово, Р. бр. 57/75. (142)

## РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите рег. бр. 74, страна 575, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Единство“ од село Челопек — Деловна единица — продавница број 19, без својство на правно лице во село Блаце, Тетовско. Предмет на работењето на продавницата е промет со прехранбени колонијални и мешани стоки.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Единство“, село Челопек, Тетовско, со одлуката на Деловниот одбор бр. 03-587 од 2. X. 1973 година.

Деловната единица — продавница број 19, без својство на правно лице во село Блаце ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Николоски Живко, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1309/73 од 21. I. 1974 година. (81)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 323, страна 579, книга II е запишана под фирма: „Горни Полог“ — претпријатие за промет, снабдување и складирање и индустриска кланица со ладилник — Гостивар — Деловна единица — продавница без својство на правно лице во Гостивар, ул. „Браќа Гиновски“ бб („Ласка“). Предмет на работењето на продавницата е вршење на промет на зеленчук, овошје, млеко, млечни производи и месо.

Продавницата е основана од „Горни Полог“ — претпријатие за промет, снабдување и складирање и индустриска кланица со ладилник — Гостивар, со одлуката на работничкиот совет бр. 0201-197 од 15. VII. 1973 год. од одржаната седница на 14. VI. 1973 година.

Раководител на продавницата е Души Љутви.

Деловната единица — продавница без својство на правно лице во Гостивар, улица „Браќа Гиноски“ бб („Леска“) ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 877/73 од 11. II. 1974 година. (83)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 612, страна 330, книга VIII е запишана под фирма: „Наше дете“ — претпријатие за производство на детска конфекција и трговија на мало и големо — Скопје — Деловна единица број 27, без својство на правно лице во Гилане, ул. „Борис Кидрич“ бр. 54. Предмет на работењето на деловната единица е промет на тешка и лесна детска конфекција, долни и горни алишта, патики, ќебиња, покривачи, детски капи, гарнитури детски, пелени, повои, трикотажа и дополнителна трговска стока.

Деловната единица е основана од „Наше дете“ — претпријатие за производство на детска конфекција и трговија на мало и големо — Скопје, со одлуката на работничкиот совет бр. 02-03-1521/1 од 11. IX. 1973 година.

Раководител на деловната единица е Азем Авдули.

Деловната единица — продавница, без својство на правно лице во Гилане ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1178/73 од 12. II. 1974 година. (84)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 171, страна 332, книга VIII е запишано следното „Интерпромет“ — трговско претпријатие за промет со универзални стоки на големо и мало — Скопје — ООЗТ малопродажба „Кале“ — Скопје — Деловна единица — продавница во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на машка галантерија.

Продавницата е основана од „Интерпромет“ — трговско претпријатие за промет со универзални стоки на големо и мало — Скопје — ООЗТ малопродажба „Кале“ — Скопје со одлуката на работничкиот совет бр. 199 од 29. IX. 1973 година.

Раководител на продавницата е Бончев Ванчо.

Деловната единица — продавница без својство на правно лице во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1256 од 11. II. 1974 година. (90)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 171, страна 217, книга VIII е запишана под фирма: „Интерпромет“ — трговско претпријатие за промет со универзални стоки на големо и мало — Скопје — ООЗТ малопродажба „Кале“ — Скопје — Деловна единица — Продавница без својство на правно лице во Скопје, ул. „Казанџиска“ бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на женска галантерија.

Продавницата е основана од „Интерпромет“ — трговско претпријатие за промет со универзални стоки на големо и мало — Скопје — ООЗТ малопродажба „Кале“ — Скопје со одлуката број 198 од 29. IX. 1973 година.

Раководител на продавницата е Качакова Елена.

Деловната единица — продавница без својство на правно лице во Скопје, ул. „Казанџиска“ бб ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1257/73 од 11. II. 1974 година. (91)

## КОНКУРСИ

Врз основа на член 70 и 71 од Статутот на Килимарата „Вера Пазаванска“ — Кратово, Конкурсната комисија за избор и именување на директор при Килимарата „Вера Пазаванска“ — Кратово

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место директор на Килимарата „Вера Пазаванска“ — Кратово (РЕИЗБОР)

За директор на работната организација ќе биде именувано лице кое покрај општите услови од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има завршено више или високо образование и 4 години работно искуство на раководно работно место;

— да не е осудуван за кривични дела од член 134 од Законот;

— со судска одлука да не му е забрането вршењето на должноста директор;

— да поседува морално-политички квалитети.

Пријавените кандидати покрај молбите таксирани со 2,00 дин. таксена марка, да ги достават и следните документи:

— доказ за завршено образование,

— доказ за работно искуство,

— уверение дека не е осудуван,

— уверение дека не е под истрага,

— уверение дека не му е забрането вршењето на должноста директор.

Некомплетираните документи нема да бидат разгледувани.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (242)

---

Врз основа на Одлуката бр. 01-916/1 од 1. 09. 1975 година на Советот на Рудници и индустрија за никел, челик и антимон „ФЕНИ“ — Кавадарци, а во врска со чл. 61 став 1 од Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“, бр. 35/73) и член 2, точка 4 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградбата на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“, број 34/74), Стручната комисија на инвеститорот

распишува

**ОГЛАС**

**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ГЛАВЕН ПОТКОП НА РУДНИК РЖАНОВО ВО СОСТАВ НА „ФЕНИ“, ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

Поткопот ќе се изградува на сса 40 км јужно од Кавадарци во месноста с. Мрежичко — Ржаново.

1. Вкупната должина на поткопот изнесува 5200 м
   Светол профил на поткопот изнесува 24, 67 м²
   Број на нападни точки (една).
2. Главен проект е изработен за првите 3000 м.
3. За преостанатата должина од км. 3,00 + 0 до км. 5 + 200 е изработен идеен проект.

— Ориентационата вредност на работите изнесува 100 мил. динари.

— Рок за отпочнување на работите е 20. 1. 1976 година.

— Рокот за завршување на работите за првите 3.000 м изнесува 18 месеци.

— Рокот за завршување на целиот тунел изнесува 33 месеци.

— Рокот за поднесување на понуди изнесува 35 дена од денот на објавувањето на конкурсот — огласот во „Службен весник на СРМ“.

— Јавното наддавање ќе се изврши во просториите на „ФЕНИ“ — Кавадарци, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бб, I спрат (сала), во 10 ч. на 10. 12. 1975 година.

— Право на учество на јавното наддавање имаат организациите на здружениот труд, како е одредено со чл. 55 од Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“, бр. 35/73) и чл. 7 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти.

— Во текот на траењето на конкурсот — огласот заинтересираните организации на здружениот труд можат на 3, 10 и 17 ноември да ја разгледаат документацијата и да извршат увид на местото на градење.

За откуп на лицитациониот елаборат се плаќа 50.000,00 динари, во спротивно не може да се користи. Уплатата се врши на жиро сметка број 41620-601-934 при СОК — Кавадарци.

Понудувачите, покрај понудата, должни се да достават и изјава од нивната деловна банка за нивната ликвидност односно изјава за гаранција.

Понудувачите ќе бидат известени за резултатите од јавното наддавање во рокот кој е одреден со закон.

Понудите треба да се испраќаат на адреса: „ФЕНИ“ — Кавадарци, Конкурсна комисија за Главен извозен поткоп. (269)

---

Врз основа на одлуката на Советот на Шумарскиот факултет во Скопје, од 24. 10. 1975 година се

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место:

— СЕКРЕТАР

Кандидатот треба да ги исполнува следниве услови:

— да има завршен правен факултет и 3 години работно искуство, и

— да ја има регулирано воената обврска.

Со молбата за конкурирање треба да се доставаат: лекарско уверение, извод од матичната книга на родените, уверение за државјанство и работна книшка.

Некомплетирани пријави со потребните документи нема да бидат земани предвид за разгледување.

Личен доход според Самоуправната спогодба за распределба на личните доходи на Шумарскиот факултет во Скопје.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (270)

---

Советот на Филозофско-историскиот факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

За:

— еден наставник (во сите звања) по предметот теорија на војната;

— еден наставник (во сите звања) по предметот концепција, доктрина и систем на ОНО;

— еден наставник (во сите звања) по предметот правен систем на ОНО со основи на меѓународното војно право.

Со пријавата таксирана со 2 дин. таксена марка, кандидатите треба да приложат диплома, куса биографија, список на стручни и научни трудови (до колку има такви) и по еден примерок од трудовите.

Конкурсот е отворен еден месец од денот на објавувањето во весникот „Нова Македонија“.

---

Работничкиот совет на „ЖИТО СКОПЈЕ“ — Скопје, ООЗТ Малопродаја, врз основа на член 47 од Статутот на ООЗТ Малопродаја

распишува

**КОНКУРС**

за избор на директор на основната организација

Конкурсни услови:

Покрај општите услови пропишани со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да поседува висока или виша стручна спрема — економски факултет или виша економска школа;

— да има најмалку 5 години работно искуство во струката, од кои 3 години на раководно место;

— да поседува морално-политички квалитети и организаторски способности;

— да не е осудуван за кривични дела;

— да не е под истрага.

Именувањето на кандидатот ќе го изврши надлежниот орган по предлог на Конкурсната комисија.

Молбите со потребните документи да се доставуваат на адреса: „ЖИТО СКОПЈЕ“ — Скопје — ООЗТ Малопродаја, ул. „Мито Хаџивасилев“ бб, со ознака за конкурсната комисија.

Молбите со некомплетирани документи нема да се разгледуваат.

Конкурсот трае 15 дена, сметано од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (272)

---

Советот на Специјалната детска болница, Охрид, врз основа на член 17 и 29 од Самоуправната спогодба за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд на Специјалната детска болница, Охрид

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:
1. Лекар-приправник,
2. Дипломиран правник — приправник,
3. Виш физиотерапеут — приправник.

УСЛОВИ:

За работните места под 1—3 — кандидатите, покрај општите услови за вработување, треба да ги исполнуваат и следните услови и тоа:

— кандидатите од точка 1 — да имаат завршено медицински факултет. Кандидатите од машки пол да ја имаат регулирано воената обврска во ЈНА;

— кандидатите од точка 2 — да имаат завршено II степен правен факултет (дипломиран правник), а кандидатите од машки пол да ја имаат регулирано воената обврска во ЈНА.

— кандидатите од точка 3 — да имаат завршено виша школа за физиотерапеути, а кандидатите од машки пол да ја имаат регулирано и воената обврска во ЈНА.

Молбите правилно таксирани со 2,00 дин. таксени марки, со потребните документи за вработување заинтересираните да ги доставаат до Советот на Специјалната детска болница — Охрид, најдоцна 15 дена по објавувањето на конкурсот во „Сл. весник на СРМ“.

Личен доход според Самоуправната спогодба за распределба на личните доходи во Болницата.

Молбите со непотполни документи не се земаат предвид при одлучувањето. (308)

---

Конкурсната комисија на ООЗТ — Детска пнеумо-фтизиологија при Градската општа болница — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работните места и тоа:
1. Еден психолог за една година и
2. Еден приправник за лабораторијата на ООЗТ.

Услови:

Кандидатите под точка 1 да имаат завршено филозофски факултет — група психологија.

Кандидатите под точка 2 лекар, фармацевт, технолог, хемичар или биолог.

Со пријавите за конкурирање кандидатите да доставаат: диплома за завршен факултет, лекарско уверение, извод на родени, уверение за државјанство и работна книшка.

Некомплетираните пријави со потребните документи нема да бидат земани предвид за разгледување од страна на Конкурсната комисија.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето.

---

Задружниот совет при Монтажно-инсталатерската услужна задруга „Греење“ — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

ЗА ДИРЕКТОР НА ЗАДРУГАТА (реизбор)

Кандидатите, покрај општите услови предвидени со Законот, треба да ги исполнуваат и следните услови:
1. стручна подготовка — машински техничар или висококвалификуван монтер по централно греење;
2. да имаат работен стаж над 10 години;
3. да имаат раководен работен стаж во стопанството најмалку 4 години;
4. да поседуваат морално-политички квалитети и да не се осудувани.

Некомплетирани и неблаговремено поднесени документи нема да бидат разгледувани.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (311)

---

**ОГЛАС**

ЗА ПОВТОРНА ЈАВНА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

Баратели на извршувањето: „Словенија-Лес“ — Љубљана и „Караорман“ — Трговско претпријатие, Скопје.

Извршеник: „Вевчани“ — Градежно-занаетчиско претпријатие во ликвидација, Вевчани.

Предмет: Наплата на долг во вкупен износ од 992.603,80 динари.

На 12. XII. 1975 година во 12 часот во Општинскиот суд Скопје I — Скопје, канцеларија 11, ќе се врши јавна продажба на зградите на извршеникот ГЗП „Вевчани“ — Скопје, лоцирани во населбата „Пржино“, ул. „Мариовска“ бб, и тоа:

— зграда за сместување на работници;

— административна зграда;

— магацини.

Проценетата вредност на објектите е 735.510 динари.

Објектите се продаваат како една целина.

Како почетна цена се зема проценетата вредност.

Емството изнесува 10% од проценетата вредност на зградите и пред лицитацијата може да се вложи во судскиот депозит во готови пари или хартија од вредност.

Правата заради кои оваа продажба не би била допуштена треба да се пријават во судот пред започнувањето на лицитацијата, бидејќи тие права по завршената лицитација не ќе можат да се остварат спрема купувачот.

Заинтересираните лица можат да добијат информации секој ден во Општинскиот суд Скопје I — Скопје, Извршно одделение, од 8 до 10 часот.

Советот на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. еден помлад асистент по предметот македонска литература од XIX и XX век;
2. еден помлад асистент по предметот чешки јазик;
3. еден библиотекар при Катедрата за албански јазик и литература.

Кон пријавите таксирани со 2,00 дин., кандидатите треба да приложат: диплома за завршен Филолошки факултет (соодветна група), куса биографија, список на евентуално објавени научни и стручни трудови (за кандидатите под точка 1 и 2) и по еден примерок од трудовите. Пријавите со прилозите се доставуваат до архивата на Филолошкиот факултет — Скопје.

Конкурсот трае 30 дена од денот на објавувањето во „Нова Македонија“. (312)

---

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство — Скопје, врз основа на член 22 од Законот за водите („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73) го става на јавен увид Нацртот на водостопанската основа на СР Македонија со Документацијата — Елаборатот

ОГЛАС
ЗА СТАВАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД НАЦРТОТ НА ВОДОСТОПАНСКАТА ОСНОВА НА СР МАКЕДОНИЈА

Јавниот увид почнува од 20. XI. 1975 година и ќе трае до 20. XII. 1975 година.

Нацртот на водостопанската основа на СР Македонија е доставен до собранијата на општините, водостопанските, земјоделските, шумарските и другите органи и организации на здружениот труд во Републиката.

Документацијата — Елаборатот, врз основа на кој е изработен Нацртот, се наоѓа во просториите на Заводот за водостопанство на СРМ — Скопје, на улица „Апостол Гусларот“ бр. 1 (до основното училиште „Песталоци“).

Право на јавен увид на Документацијата — Елаборатот, имаат сите заинтересирани органи и организации на здружениот труд, граѓанските правни лица и граѓаните, секој работен ден од 10,00 до 14,00 часот.

Заводот за водостопанство на СРМ во определеното време ќе обезбеди стручни лица за објаснување и давање одговори на поставени прашања.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО СКОПЈЕ

---

Собранието на општината Берово, врз основа на член 43 став 1 од Основниот закон за судовите од општа надлежност („Службен лист на СФРЈ“ бр. 7 од 17. II. 1965)

**СООПШТУВА**

Дека ќе врши реизбор на судија на Општинскиот суд — Берово.

Заинтересираните што ги исполнуваат условите од член 40 на Основниот закон за судовите од општа надлежност („Службен лист на СФРЈ“ бр. 7/65), пријавите да ги достават до Собранието на општината Берово — стручна служба, во рок од 15 дена, сметано од денот на објавувањето на ова соопштение.

Од Собранието на општината Берово.

**СОДРЖИНА**

Страна

426. Закон за изменување и дополнување на Законот за филмот — 721
427. Одлука за именување на претседател на Комисијата за помилување на Претседателството на СРМ — 723
428. Одлука за именување член на Комисијата за организационо-кадровски прашања на Претседателството на СРМ — 723
429. Одлука за разрешување и именување на секретар во Советот за народна одбрана на Претседателството на СРМ — 724
430. Одлука за помилување на осудени лица 724
431. Одлука за помилување на осудени лица 724
432. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на работните места во органите за внатрешни работи на кои тежината на работите и посебните услови битно влијаат врз намалувањето на работната способност на работниците — 725
433. Решение за овластување на Шумарскиот институт — Скопје за вршење одбирање и признавање на семенски насади, групи или единични стебла — 725
434. Решение за определување организации на здружен труд за вршење анализи и суперанализи на вештачко ѓубре — 725
435. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 68/74 од 2 октомври 1975 година — 726
436. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 76/74 од 2 октомври 1975 година 727

**Објава** за запишување во регистарот на производители на семе — 727

**Објава** за запишување во регистарот на доработувачи на семе — 727

**Објава** за запишување во регистарот на производители на саден материјал — 728

**Објава** за бришење од регистарот на производители на семе — 729

**Објава** за бришење од регистарот на доработувачи на семе — 729

**Објава** за бришење од регистарот на производители на саден материјал — 729

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

330. Одлука за користење на средствата за решавање на станбените потреби на корисниците на пензија и определени права од инвалидското осигурување — 729
331. Одлука за вонредно усогласување на пензиите и други примања според порастот на трошоците на животот во 1975 година — 730
332. Одлука за именување помошник на секретарот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија — 731
333. Одлука за учество на осигурениците — земјоделци во трошоците за користење на здравствена заштита — 731
334. Одлука за учество на осигурениците — земјоделци во трошоците за користење на здравствена заштита — 732

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**